Office of the Public Guardian
Attorney General's department of nsw

MACEDONIAN

# Трајно старателство: ваш начин да планирате однапред

Сега постои начин со кој ви се овозможува однапред да испланирате и да направите свој аранжман за тоа кој ќе донесува одлуки во ваше име во случај на повреда, болест или онеспособеност.

Појавата на неочекувана повреда, болест или онеспособеност може да доведе до тоа во иднина да не можете да бидете во состојба да донесувате свои лични здравствени или животни одлуки. Таквите одлуки можат да опфаќаат прашања за тоа каде ќе живеете, каков вид на услуги и здравствена грижа ќе добивате и согласност за видот на забни и медицински услуги.

Трајниот старател кој вие законски сте го одредиле, може да ги проценува вашите желби и мислење, како во минатото така и во сегашноста и мислењето на професионалните лица и сите други лица кои играат важна улога во вашиот живот. Трајниот старател може да ги зема во обѕир постоечките околности токму во оној момент кога треба да се донеси одлуката и ако треба да се донеси одлука во ваше име.

Ако сте на осумнаесетта или повеќегодишна возраст и ако сте правно способни за да донесувате одлуки, тогаш можете да одредите траен старател. Поседување на правна способност значи дека ја разбирате суштината и дејството на старателство од траен вид. Ополномошувањето на трајниот старател стапува во сила само ако го изгубите вашиот капацитет да донесувате свои одлуки. Трајниот вид на ополномоштување значи дека овластувањето на старателот продолжува да трае се додека трае вашата онеспособеност.

За свој траен старател можете да одредите лице кое е член на вашето семејство или е ваш пријател и има 18 или повеќе години. Ако одредите повеќе од еден траен старател, вие тоа можете да го направите на неколку начини, на пр. одлуките кои ќе ги донесуваат да бидат заеднички или незвисни. Затоа што трајниот старател ќе има можност да донесува лични и здравствени одлуки во ваше име, од голема важност е таквото лице да биде некој кому му верувате дека ќе донесува одлуки во ваш најдобар интерес.

Ако сакате да одредите траен старател. Морате да се потпишете на формулар за одредување на старател. Лицето или лицата кои ги одредувате да бидат ваши трајни старатели исто така мораат да се потпишат на формулар за да потврдат дека тие се согласиле да бидат ваши трајни старатели. Сите потписи на формуларот мора да бидат просведочени од Управен судски службеник (Clerk of a Local Court). Доколку се предомислите, можете да го поништите ваквото одредување под услов сеуште да сте правно способни.

Приватната помошна единица за трајно старателство (Private Guardian Support Unit PGSU) е спремна да обезбеди информации, помош и упатни услуги за трајни старатели. Персоналот на Единицата може да им помогне на трајните старатели со информации за сите прашања во однос на нивната улога на законски одредени старатели.

Макар што не постои такво тело кое го надгледува вашиот траен старател, ако сте загрижени за вашата добросостојба поради работата на вашиот траен старател, вие можете да дадете молба до Судот за старателство (Guardianship Tribunal) за повторно разгледување на одредувањето на трајниот старател.

## Каде можам да добијам повеќе информации за трајно старателство?

За повеќе информации или за да добиете копија од упатникот Трајно старателство во НЈВ: *ваш начин однапред да планирате* (Enduring guardianship in NSW: *your way to plan ahead*) можете да ја контактирате Канцеларијата на јавниот старател (Office of the Public Guardian)

| | |
|---|---|
| Телефон: | (02) 9265 1441 |
| Бесплатен тел. бр. | 1800 451 510 |
| Поштенска адреса: | PO Box A 231 Sydney South NSW 1235 |
| Вебсајт: | http://www.lawlink.nsw.gov.au/opg |

## За да дознаете повеќе за поддршката и информациите кои можат да ги добијат трајните старатели можете да не контактирате во:

The Private Guardian Support Unit

| | |
|---|---|
| Телефон: | (02) 9265 1443 |
| Бесплатен тел.бр. | 1800 451 510 |
| Адреса: | Level 15 Picadilly Tower 133 Castlereagh St Sydney |

## За правен совет и помош за да извршите одредување на трајно старателство можете да контактирате :

- адвокат
- Управен судски службеник
- Општествен правен центар (Community legal center)

## За повеќе информации во врска со доставување на молба за старателство до Судот за старателство, можете да се јавите во Судот на:

| | |
|---|---|
| Телефон: | (02) 9555 8500 |
| Бесплатен тел. бр. | 1800 463 928 |
| TTY: | (02) 9552 8534 |
| Поштенска адреса: | Locked Bag 9, Balmain 2041 |